СРЕДНО УЧИЛИШТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ
ШАИП ЈУСУФ
*Тука започнува твојот успех!*

СУГС „Шаип Јусуф“ – Скопје

# УЧИЛИШЕН ВЕСНИК

Број 5
Дек, 2022

sugsshaifjusuf.edu.mk

# Патрон празник на СУГС „Шаип Јусуф“ – Скопје



Положување цвеќе на бистата на Шаип Јусуф

На 29.1.2022 година богата програма и низа активности беа одржани и спроведени во чест на патрониот празник на училиштето. По тој повод училиштето организираше неколку конкурси за учениците:

- Конкурс за најдобар есеј/расказ на тема „Лажни вести насекаде околу нас“
- Конкурс за најдобра ликовна творба на тема „Лажни вести насекаде околу нас“
- Најдобар во пинг понг

На овој за училиштето значаен настан, беше објавен и спроведен конкурс за најдобар професор за учебната

Поради големата заинтересиранот на учениците за учество на конкурсот за најдобра ликовна творба на тема „Лажни вести насекаде околу нас“, комисијата за избор имаше навистина тешка задача за избор на најдобрите творби, сепак со награда од овој конкурс беа почестени:

1-во место - Сунај Исмаил
2-ро место го поделија Алтина Етеми и Леон Али
3-то место завраши во рацете на Али Амет и Миневер Беќир

Нашите ученици се добри спортисти и тоа го покажаа на објавениот конкурс „Најдобар во пинг понг“ кој беше поделен на женска и машка категорија.

Најдобри во пинк понг од женската категорија се истакнаа:
1 место - Џенифер Нуредин
2 место - Мукадес Куртиш
3 место - Елиса Мустафа

Од машката категорија се издвоија:
1 место - Аким Сакип
2 место - Рамадан Алим
3 место - Ирфан Куртиши

Покрај големиот број на пристигнати есеи од нашите ученици за конкурсот, Најдобар есеј на тема: „Лажни вести насекаде околу нас“ кои го искажаа и покажаа нивниот творечки дух, со награди и пофалници се издвоија:
1 место - Мелиса Мамуд
2 место - Александра Кириловска и Џенифер Хајдар
3 место - Рахман Керим и Ресмија







Вечерниот дел кој се одржа во Културниот Младински Центар, на кој присуствуваа голем број гости, беше одбележан со извонредна музичка точка на нашиот оркестар и впечатлива драмска претстава на тема „На насловната страна’’. Истиот настан беше достапен до сите со директен пренос.





Со голема чест и задоволство директорот на училиштето м-р Доан Сулејманоски ја предаде наградата за најдобар наставник на професорката по Македонски јазик и литература Весна Александрова.

Професорката по географија Музафера Кофрц доби плакета како едно признавање за нејзините достигнувања и успешни резултати во спроведување на воспитно-образовниот процес и за реализација на вон-наставните активности во училиштето.

# Проект „Развој на култура на мир и превенција на насилство, како основни вредности во образовниот систем во РСМ”

Во рамки на проектот „Развој на култура на мир и превенција на насилство, како основни вредности во образовниот систем во Република Северна Македонија”, учениците од СУГС „Шаип Јусуф“ - Скопје учествуваа на симулацијата на судење - Кривична постапка од областа на малолетничката деликвенција. Голема благодарност до другите вклучени средни училишта и до Министерство за образование и наука кои беа дел од настанот и ја дадоа својата поддршка. Проектот е подржан од амбасадата на Србија, амбасадата на Канада како и амбасадата на Црна Гора и амбасадата на Репбулика Северна Македонија.





## Општински натпревар по англиски јазик

На 19.3.2022 се одржа општинскиот натпревар по англиски јазик организиран од ЕЛТАМ (Здружение на наставници по англиски јазик на Македонија) на кој учество зедоа голем број ученици од скопските средни училишта. Ученикот од нашето училиште Валентино Шаќири го освои второто место со освоени 82 бода од вкупно 100 и со тоа се пласира на регионалниот натпревар. Честитки до ученикот и менторот Милена Н. Мусовска, професор по англиски јазик. Благодарници за учество исто така беа доделени на учениците Мухамед Селим во категорија прва година и Алие Бајрам и Леон Али во категорија трета година.

## Ученичка заедница

Во организација на фондацијата Конрад Аденауер, ученичката заедница од нашето училиште беше пласирана за една од најдобрите ученички заедници во нашата држава. За изработката и дизајнот на логото на ученичката заедница се погрижи нашата ученичка Миа Мустафа на која и искажуваме голема благодарност.

## Денот на екологијата



Оваа година нашето училиште зазеде големо учество по повод Денот на Екологијата, каде што учениците активно работеа на разубавување и разеленување на училишниот двор како и расчистување и уредување на внтрашениот дел на училиштето. Голема благодарност до сите учесници кои придонесоа за чисто и зелено училиште!

## Збогатен книжевен фонд

Создавањето на услови за подобра едукација на нашите ученици е приоритет на нашето училиште. Затоа и оваа година училиштето го збогати книжевниот фонд во училишната библиотека со голем број на наслови од македонска, странска и стручна литература.




## Практична настава профил: келнер

Нашите ученици од образовниот профил келнери неуморно и секојдневно работат на свое усовршување, користејќи ги своите знаења и вештини за изработка на креативни дела од доменот на нивната професија.



## Договор за соработка со КОНСАЛТИНГ ИНТЕР ГРУП

Оваа година нашето училиште склучи договор за соработка со КОНСАЛТИНГ ИНТЕР ГРУП – Друштво за консултантски услуги, каде што учениците ќе можат да реализираат феријална пракса, да присуствуваат на гостински предавања, реализирање на процесот учење преку работа како и ангажираност на учениците во проекти за вработување од

CIG ®
Consulting Inter Group

# Отворен ден во нашето училиште

Во текот на месец мај во СУГС „Шаип Јусуф“ се организираше отворен ден на кој што голем број од основните ученици имаат можност да го посетат училиштето и од блиску да се запознаат со сето она што го нуди училиштето. Тие имаат можност да се здобијат со информации за сите образовни профили кои се нудат, како и достапноста на голем број современи материјали и опрема, опремени кабинети, библиотека и училници. Учениците исто така остварија средба со директорот на која што имаа можност да поставаат прашања за сето она што ги интересира за училиштето.





# Административно-Канцелариско Работење

Учениците од профилот бизнис администратор спроведоа симулација на избори и пресметување на мандати на тема ИЗБОРНА ПОСТАПКА – СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ. Самите ученици формираа политички партии, изработија програми и реализираа предизборна кампања, како и сите понатамошни постапки за избор и доделување на мандати. **ПРАКТИЧНОТО ЗНАЕЊЕ Е ПРЕД СÈ!**





## Меѓународен ден на Медицинските Сестри



Учениците од образовниот профил медицинска сестра на 12. 5.2022 година по повод Меѓународниот ден на медицинските сестри беа дел од настан организиран од Унијата на здруженија на медицински сестри. Нашето училиште имаше промотивен штанд, а дел од нашите ученици доделија плакети за неколку медицински сестри (постхумно).
Вака се негуваат професионалните вредности и стандарди!
Првата подадена рака на болниот пациент - Да, тоа се медицинските сестри.

## Посета на Законодавниот дом

Учениците од профилот бизнис администратор од втора и трета година имаа можност да го посетат Законодавниот дом и од блиску да се запознаат со работата и фукнцијата на истиот.





## Учество во работилница „Стратегија за унапредување на правата на децата во Град Скопје“

Учениците од нашето училиште беа дел од работилницата организирана од страна на Првата детска амбасада во светот Меѓаши на тема „Стратегија за унапредување на правата на децата во Град Скопје“ а за тоа се здобија со сертификати за заземено активно учество и особен придонес во подготовка на Стратегија и акциски план за унапредување на правата на децата.

# 20-ти Ноември- Светски ден на правата на детето



По повод 20 -ти НОЕМВРИ – СВЕТСКИ ДЕН ЗА ПРАВАТА НА ДЕТЕТО, нашите ученици имаат чест да присуствуваа на настан организиран од страна на СЕПУГС “ Васил Антевски – Дрен” каде што имаа можност да се сретнат со Народниот правобранител и да ги слушнат нејзините излагања за Правата на децата.

# Образовно рандеву МАССУМ 2022 година

СУГС „Шаип Јусуф“ во активна и неуморна соработка со учениците учествуваа во Образовното рандеву МАССУМ 2022 година каде што ги покажаа своите знаења, вештини и квалитети кои резултираат со голем број на награди.
Во големата и силна конкуренција со сите средни училишта од нашата држава нашето училиште може да се пофали со повеќе награди и тоа:
1 МЕСТО НАЈДОБАР ШТАНД
1 МЕСТО НАЈДОБАР МАРКЕТИНГ ПЛАН
2 МЕСТО НАЈДОБРА ДРАМСКА ПРЕТСТАВА
3 МЕСТО НАЈДОБРА МОДНА РЕВИЈА





# Прва награда на „Ми Каса“ Стек Хаус на Републичко ниво

Во силна и јака конкуренција од сите средни училишта на образовното рандеву МАССУМ 2022 година, нашите ученици вредно и заслужно се изборија за прва републичка награда за најдобар маркетинг план. Помогнати од професорката Радмила Златевска и директорот м-р Доан Сулејманоски учениците настапија со маркетинг план наменет за прозиводот на Ми Каса бургер, а со нивната успешна маркетинг стратегија и одлична презентација се издвоија како најдобри и за тоа беа почестени со стипендии од Универзитетот Штулов.
-“Целта на овој натпревар е да им овозможи на учениците да го разберат маркетинг процесот преку развој и презентација на конкретен маркетинг план. Преку соработка на ова училиште со Ми Каса се направи успешен обид за спој помеѓу реалниот сектор и образовна институција, а на овој начин училиштето ги развива професионалните и социјалните вештини и способности на своите ученици од економско-правната и трговска струка, а Ми Каса со ова покажува дека е пример за компанија со висок степен на општествена одговорност и достапност“, вели директорот Доан Сулејмановски.

# Успешно реализирање на проектот: Предизвик за млади истражувачи #4- зелени проекти

Финансиран од Фондот за иновации и технолошки развој учениците од училиштето се вклучија во активност за тестирање на Микробиолошката чистота на водата за пиење во училиштето, ставајќи акцент на микроорганизмите како дел од екосистемот на водата. Испитувањето се изврши така што на повеќе наврати беа земени примероци од водата, а учениците имаа можност да ги набљудуваат примероците, да ги прибираат податоците, следат и истите да ги подложат на обработка. Со тоа учениците од медицинската струка се запознаа со спецификите на работата на микробиолошката лабараторија и сите потребни инструменти и алатки за работа. Исто така имаа можност самостојни да бидат вклучени во извршување на задачи и експерименти од полето на микробиологија.
Голема благодарност до Ангела Илоска, Музафера Кофрц и Ељмедина Шабановска за реализација на проектот, а особена благодарност и до Микробиолошката лабораторија при Био Инженеринг – Скопје за беспрекорната соработка.






# Одбележувањето на меѓународниот ден на Ромите

По повод одбележувањето на Меѓународниот ден на Ромите, директорот на училиштето оствари средба со амбасадорот на Република Индија Г-дин. Санџај Рана. Учениците од СУГС „Шаип Јусуф“ во соработка со Средното училиште „Ѓорче Петров“ – Кавадарци и Библиотеката „Феткин“ – Кавадарци одржаа литературно читање и заедничко одбележување на празникот, преку заедничка дружба и интеркултурна размена.



# Конвенцијата за правата на детето

Неделата на Конвенцијата на правата на детето и кампањата за промоција, заштита и унапредување на детски права, училиштето го одбележа во соработка со институцијата Народен правобранител со организирани активности и завршен настан. На настанот беа присутни претставници од оваа институција Г-ѓа Васка Бајрамовска – Мустафа, со свое излагање кон нашите ученици и вработени.

Нашето училиште може да се пофали на заедничка соработка со неколку други училишта како дел од промотерите и обучувачите на теми за детските права во другите училишта од нашето опкружување. Огромна благодарност до оваа инстутиција за отворениот пристап и убава соработка, за вклучените ученици и за професорката Ивона Јакимовска за организирањето на оваа активност.







# Меѓународен ден на мирот

На 23.9.2022 година од страна на учениците беше реализирана работилница и активности со јасни пораки за мирот и толеранцијата во светот, под мотото „Мирот е почит кон сите ". Покрај тоа беше проследен и филм „International Day of Peace-21 September". Активностите беа поддржани од ПДАС Меѓаши, а реализирани под менторство на професорката Музафера Кофрц.



# Доделување на дипломи за матуранти

Менаџментот на училиштето во соработка со сите класни раководители, организираше настан за свечено доделување на дипломи на матурантите од тригодишно и четиригодишно средно стручно образование.
**ЧЕСТИТО УЧЕНИЦИ, МНОГУ УСПЕСИ И СРЕЌА ВО ИДНИНА!**
Со почит, Тимот од Вашето училиште.



# Панел Дискусија „Младите и Менталното Здравје“

Во организација на Кабинетот на Претседателот на Република Северна Макеоднија, учениците од образовниот профил медицинска сестра учествуваат во панел дискусијата на тема „Младите и менталното здравје“.



# Првенци на Генерација

Како првенец на генерацијата од нашето училиште од страна на Град Скопје беа прогласени и наградени Мерсида Фејзула (економски техничар. 4 год. ССО), добитник на неколку стипендии од различни факултети во државата и Ќефает Илјаз (фризер, 3 год. ССО)

**Честитки до учениците и многу успех во иднина!**




# Нов меморандум за соработка за профилот келнер




Со цел реализирање на практична и феријална практика и усовршување на знаењата и вештините на учениците од профилот келнер при СУГС „Шаип Јусуф“ потпиша меморандум за соработка со Ресорт Маврово, кој на учениците ќе им овозможи професионален развој, практични знаења, платена пракса како и бесплатен престој во нивните објекти.

Нашето училиште позитивно ја поздравува оваа соработка која во иднина се очекува да вроди со воведување на дуална паралелка за потребите на оваа компанија.

ВЕ ОЧЕКУВАМЕ ИЗБЕРЕТЕ ПРОФИЛ: КЕЛНЕР!



# Предавање на тема „Како се управуваат институциите на ЕУ“




Во рамки на предметот Право на ЕУ, учениците од четврта година бизнис администратор (економско, правна и трговска струка) ја посетија Europe House Skopje и беа дел од предавање на тема „Како се управуваат институциите на ЕУ“. Предавањето го реализираа Младите европски амбасадори од Република Северна Македонија: Елица Матевска и Иван Дургутов. Ова предавање беше дел од клиничката настава организирана во рамки на наставата по предметот Право на ЕУ и предметот Учење преку работа. Учениците, исто така, добија можност да ја разгледаат и изложбата наменета за предизвиците со справувањето со лажни вести. Голема благодарност до EU House Skopje, за несебичната соработка.

# Плакета за животно дело и особен придонес за ромскиот јазик и литература

По повод 5 ти ноември – Денот на Ромскиот јазик, на одржаната свечена седница во Владата на Република Северна Македонија, директорот на СУГС„Шаип Јусуф“- Скопје, м-р Доан Сулејманоски доби плакета за животно дело и особен придонес за ромскиот јазик и литература – во име на професорот Шаип Јусуф (постхумно). Оваа награда е од особено значење за училиштето, посветеноста и образовната дејност која што претставува продолжување на делото на нашиот патрон и автор на првата граматика на Ромски јазик.

**НЕКА Е ЧЕСТИТ МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА РОМСКИОТ ЈАЗИК!**



## Најдобри наставници




Организирано од страна на Град Скопје, Градоначалничката Г-ѓа Данела Арсовска на 7.11.2022 година прогласи 23 најдобри наставници од секое средно училиште. Со оваа значајна награда и титула „најдобар наставник“ беше почестен нашиот колега Бобан Јовановски (наставник по историја).

**Честитки до сите наградени просветни работници!**

## Повторна дружба, прошетка и учење

После повеќе годишната пауза поради состојбата од пандемијата КОВИД – 19, учениците оваа година имаа можност за еднодневно дружење, шетање и учење. На еднодневната прошетка тие го посетија Крушево, Спомен куќата на Тоше Проески, Македониумот, а во Прилеп го разгледаа Меморијалниот музеј „11 Октомври и Могила на непобедените.



## Детски Рацинови Средби

Со голема чест и особено задоволство СУГС „Шаип Јусуф“ може да се пофали со голем број на освоени награди на „55 Детски Рационови Средби“ кои се одржаа во Велес на тема „РАЦИН – ПОЕТ НА ЉУБОВТА И БОЛКАТА“.

Во голема конкуренција со средни училишта од целата наша држава, нашето училиште собра повеќе награди за освоени места и тоа:

● ВТОРА НАГРАДА НА НАТПРЕВАРОТ ПО ОРАТОРСТВО
(Ученик: Али Амет IV бизнис администратор)
● ТРЕТА НАГРАДА НА РЕЦИТАТОРСКИОТ НАТПРЕВАР
(Ученик: Леон Али, IV медицинска сестра)
● ВТОРА НАГРАДА НА ЛИКОВЕН КОНКУРС.
(Ученик: Леон Али, IV медицинска сестра)

Благодарност и честитки до учениците и нивните менторите: Марија Трпеска, Весна Александрова, Доан Сулејманоски и Ана Костадиновска.



## MOVEMBER – месец на машкото здравје



Во знак на одбележување на Месецот на машкото здравје MOVEMBER на 14.11.2022 година, учениците од образовниот профил – фризер, учествуваат на настан организиран во City Mall, на кој ги изложија своите знаења, вештини и способности, за кои добија награда за нивната работа.

Честитки до учениците и до наставниците по стручните предмети: Снежана Савевска, Билјана Јовановска и Мерсиха Мемеди.

## Современ амфитеатар – кабинет плус за изведување на современата настава во училиштето



Идејата за опремување на амфитетар како додаток на кабинетската настава во училиштето сега е реалност! По подолг временски период на опремување, сега учениците добија топло, убаво и пријатно место за релизација на наставата и вон-наставни активности на училиштето. За топлата и пријатна атмосфера се погрижи проф. Марија Трпеска која ѕидовите ги разубави со уметнички дела.

## Нашето училиште во утринска емисија на МРТ1

Наградените ученици на „55 Детски Рацинови Средби“, Леон Али и Али Амет заедно со Директорот м-р Доан Сулејманоски беа дел од утринската емисија „Македонија наутро“ во МРТ1.



# Посета на Народната банка на Република Северна Македонија

Учениците од трета и четврта година од профилот бизнис администратор, во рамките на предметот учење преку работа, ја посетија Народната банка на Република Северна Македонија и се запознаа со работата и функционирањето на оваа значајна институција.



# Подготвени за почетокот на новата учебна година

Опремени кабинети со најсовремени средства и помагала со посветени професори придонесуваат за квалитетно, успешно и современо образование. Уште пред почетокот на новата учебна година, нашето училиште обезбеди материјали и помагала за медицински сестри, фризери и келнери. Дополнително училиштето се надополни со едукативни материјали и постери по предметот Англиски јазик.



# Меморандум за соработка со Вишиот управен суд на Република Северна Македонија

Во интерес на нашите ученици од економско правна и трговска струка беше потпишан меморнадум за соработка со Вишиот управен суд што ќе овозможи на учениците усовршување на веќе стекнати знаења и практики, стекнување на нови практични вештини и проширување на знаењата во рамки на наставните програми од областа на:
- административно право
- управно процесно право
- административно-канцелариски работи и
- кореспонденција.




# Посета на Криминалистичкиот музеј

Учениците од економско-правна и трговска струка, профил: бизнис администратор, во рамки на правните предмети, оствариjа посета на Криминалистичкиот музеј кој што се наоѓа во Центарот за обука на МВР во Идризово. Можноста со отворање на вратите на криминалистичкиот музеј им придонесоа на учениците проширување на нивното знаење за работата на Центарот за обука на полицајци, и разгледување на изложените експонати во музејот, кои всушност се материјални докази од одредени кривични дела сторени во минатото.



# Општински натпревар по Географија

На ден 12.2.2022 година во организација на Македонско Географско Друштво од Скопје се спроведе натпревар по географија на општинско ниво. Под менторство на проф. Музафера Кофрц ученици од нашето училиште заземаа учество и освоија неколку награди.

- Сумеја Џеладин (I бизнис администратор)  - I место,пласирана за учество на регионален натпревар
- Себајдин Емин (I бизнис администратор) НП
- Лучијано Амет (II келнери) -1 место,пласиран на регионално ниво
- Маризел Селим (II келнери) НП
- Џони Демировиќ (II келнери) НП

# Посета на Јавно обвинителство

Учениците од економско-правна и трговска струка (профил: бизнис администратор) при посета на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија имаа можност да се сретнат со Јавниот обвинител на Република Северна Македонија и да бидат запознаени со неговите надлежности како и неговата работа.

Освен тоа, добија можност да бидат дел од научна панел дискусија на Правниот факултет „Јустинијан Први“ - Скопје  на тема поврзана со казнено право и нужната одбрана. Благодарност до ELSA за несебичната поддршка и создавање на можности за нашите ученици кои се љубители на правото.



# Посета на Музејот на современа уметност

Нашите ученици беа во посета на Музејот на Современа уметност и присуствуваа на изложба насловена како “Се што ни е заедничко” ( Sa so si amenge jekhethane ) каде имаше изложено дела на наши познати уметници .

Целта на изложбата беше да се прошири политичката имагинација вон стереотипната претстава за истата.





# Хуманост на Дело

Хуманоста и хуманите дела се речиси секојдневие на нашите ученици кои континуирано ги искажуваат преку организирање на хуманитарни акции во нашето училиште. Во период од 15.3.2022 година до 25.4.2022 година, во нашето училиште СУГС „Шаип Јусуф“- Скопје се организираше Хуманитарна акција „Прибирање на парични средства за сиромашните фамилии“, во која беа вклучени председателот на ученичката заедница Бени Џеладин кој ги поттикнуваше и организираше учениците на хуманост. Во целокупниот настан активно учество заземаа и наставнците.

# Семинар за професионален развој на професорите и стручната служба

Во организација на СУГС „Шаип Јусуф“ во период од 18.8 до 20.8.2022 година во Охрид, се одржа семинар за професионален развој на професорите и стручната служба од училиштето на тема: „Персонализација на резултатите од учењето кај учениците во средните училишта“. Освен професорите и стручната служба, на семинарот учествуваа избрани ученици со државни награди и достигнувања од нашето училиште кои пак работеа на темата: „Медиумска писменост и критичко размислување“. Со тоа училиштето докажува дека се залага за својот кадар и придонесува за негово усовршување, како и мотивација и поттик на учениците за поголеми достигнувања.




СРЕДНО УЧИЛИШТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ „ШАИП ЈУСУФ“ – СКОПЈЕ
ул, „Вашингтонска“ бр, 44, Шуто Оризари, Скопје
sugsshaipjusuf.edu.mk
тел. 02 2600 332